## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**3-ти декември, 2008**

Македонија

### „Стандард и Пурс“ го намали кредитниот рејтинг на Македонија

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ве известува дека Кредитната агенција „Стандард и Пурс“ го ревидираше надолу рејтингот на Македонија од стабилен во негативен.

Ваквата негативна промена на кредитниот рејтинг на Македонија се образложува со растечкиот трговски дефицит, зголемување на дефицитот на тековната сметка на платниот промет и неколку отворени политички прашања.

Растечката цена на струјата која се увезува, драстично зголемениот увоз на капитални добра од една стана и драстично намалување на извозот на металите, поради падот на цената, драстично ќе го влоши дефицитот на тековната сметка на платниот промет на 15 отсто, од 7,1 отсто регистрирани во 2007 година, се вели во анализата.

Овој дисбаланс и редуцираната можност за прилив на екстерни финансии може да изврши дополнителен притисок врз стабилноста на курсот на домашната валута во однос на еврото, укажува агенцијата.

„Стандард и Пурс“ наведува дека надежите на Македонија за отпочнување на преговорите за членство во Европската унија за оваа година се изгубија со насилството за време на парламентарните извори во јуни. Ноемврискиот извештај на Европската комисија за остварениот напредок на Македонија беше негативен, при што било напомнато дека не се исполнети политичките критериуми.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

Влошената надворешна ликвидност, експанзивната фискална политика, може и дополнително да ги влошат рејтинзите во Македонија, стои во соопштението објавено на веб страницата на агенцијата.

Стандард и Пурс ги потврди оценките и рејтингот за странска валута останува ББ+, краткорочниот рејтинг е Б, а плафонот за земјата е БББ -, додавајќи дека БББ –, е границата, под која една држава влегува во зоната на нестабилна.

На почетокот на месецот и меѓународната агенција Фич го намали во негативен изгледот на рејтингот на Македонија.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk